# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ 2022 - 2024

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ФИНАНСИИ

Скопје, март 2022 година

СОДРЖИНА

1. СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ..... 4
1.1. ВОВЕД ..... 4
1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ..... 4
1.2.1 SWOT АНАЛИЗА ( Strenghts, Weaknesses, Opportunities and Treats) ..... 6
1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Tehnological, Legal and Environmental) ..... 8
1.3. МИСИЈА ..... 11
1.4. ВИЗИЈА ..... 11
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ..... 11
1.5.1 ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНЦЕПТ „СМАРТ“ ФИНАНСИИ ..... 12
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ..... 13
1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ..... 15
1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ: ..... 16
1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА (2020) ..... 17
1.9.1 АДМИНИСТРАЦИЈА ..... 18
1.9.2 МАКРОЕКОНОМСКА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА ..... 21
1.9.3 ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ..... 30
1.9.4 ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ ..... 31
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА (2021) ..... 31
1.10.1 АДМИНИСТРАЦИЈА ..... 32
1.10.2 МАКРОЕКОНОМСКА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА ..... 35
1.10.3 ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ..... 43
1.10.4 УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ ..... 45
1.11. ПРОГРАМИ ..... 46
1.11.1. ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДРШКА ..... 46
1.11.2. ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ..... 46
1.11.3. ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ ..... 47
1.11.4. ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ..... 47
1.11.5. ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ..... 48
1.11.6. ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА ..... 48
1.11.7. ПРОГРАМА ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 49

1.11.8. УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ... 49
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (2022-2024) ... 51
2.1. ПРОГРАМА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА ... 52
2.1.1 Потпрограма: Информатика ... 53
2.1.2 Потпрограма: Финансиски прашања ... 55
2.1.3 Потпрограма: Правни работи ... 56
2.1.4 Потпрограма: Внатрешна ревизија ... 56
2.1.5 Потпрограма: Човечки ресурси ... 57
2.1.6 Потпрограма: Стратешко планирање ... 58
2.2. ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ... 59
2.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики ... 60
2.2.2 Потпрограма: Обуки ... 62
2.2.3 Потпрограма: Економски форум ... 63
2.2.4 Потпрограма: Развојни проекти (Јакнење на капацитети на Министерството за финансии) ... 63
2.3 ПРОГРАМА ЗА БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ ... 65
2.3.1 Потпрограма: Буџет и фондови ... 66
2.3.2 Потпрограма: Трезор ... 68
2.3.3 Потпрограма: Управување со јавен долг ... 70
2.4 ПРОГРАМА ЗА ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ... 72
2.4.1 Потпрограма: Јавни приходи од акцизи ... 73
2.4.2 Потпрограма: Даночна политика ... 74
2.4.3 Потпрограма: Царинска политика ... 75
2.5 ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ... 76
2.5.1 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарски и небанкарски институции ... 77
2.5.2 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на пазарот на капитал ... 79
2.5.3 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на сметководствен систем, платен промет и ревизија ... 80
2.5.4 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и на забавните игри ... 81
2.5.5 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на системот на осигурување и реосигурување ... 82
2.6 ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА ... 83

2.6.1 Потпрограма: Управување со средствата од инструментот за претпристапната помош-ИПА ..... 84
2.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување на договори ..... 85
2.6.3 Потпрограма: Координација на ИПА проекти, реформи во управувањето со јавни финансии и исполнување на обврските од процесот на европска интеграција ..... 87
2.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи ..... 88
2.7 ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 91
2.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола ..... 92
2.7.2 Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата ..... 93
2.8 ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ..... 95
2.8.1 Потпрограма: Нормативно имотно правни и облигациони работи и управување со средства ..... 96
2.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања ..... 97
3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ..... 100
4. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 102
5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 102
6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ..... 103
7.РИЗИЦИ ..... 105
7.1 Ризици на ниво на Стратешки план ..... 105
7.2 Ризици на ниво на Програма ..... 105

# 1. СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## 1.1. ВОВЕД

Министерството за финансии продолжува да ги реализира своите активности, со зголемена транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките. Фокусот е на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и поголемо учество на сите засегнати страни при креирање и спроведување на фискалните политики. Ова е особено актуелно и релевантно во периодот на закрепнување од неодамнешната глобална здравствена и економска криза и забрзан раст кој во основа ќе ги има зелената транзиција, дигитална трансформација и квалитетниот човечки капитал.

Во наредниот среднорочен период, како дел од целите на Владата за економски раст, министерството ќе се фокусира на одржување на макроекономската и финансиска стабилност, фискалната консолидација со истовремено подобрување на управувањето со јавните инвестиции, поголемо мобилизирање на приватниот капитал, продолжување на реформите во управувањето со јавните финансии, поддршка на политики за развој на човечки капитал, дигитализација на јавните услуги, зелена економија, подобрување на квалитетот на образовниот и на здравствениот систем, подобрување на физичката инфраструктура, деловното окружување, како и намалување на неформалната економија.

Министерството и во наредниот период ќе работи посветено на воведување на „паметни“ финансии преку систем на подолгорочно и поквалитетно буџетско планирање ориентирано кон резултати, како и транспарентност и отчетност на јавните финансии како највисок степен на фискална контрола,

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2022-2024 година е подготвен согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за период 2020-2024 година, Мандатното писмо од Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стратешките приоритети и приоритетните цели утврдени со Одлуката на Владата за 2022 година, Стратегијата за реформи во даночниот систем, Стратегијата за управување со јавниот долг, Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии, Програмата за економски реформи и Заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ и НПАА програмата. Во согласност со интегралниот процес на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на Буџетот на Министерството за финансии за 2022 година.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Клучни елементи на среднорочната фискална политика за периодот 2022-2024 (со изгледи до 2026) претставуваат редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, кои се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

Во 2020 година е забележан пад на домашната економската активност од 6,1%, што е главно одраз на неповолните движења во второто тримесечје, кога економската активност се намали за речиси 16,4% на годишна основа, како резултат на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно економско окружување, со што најтешко погодени беа индустриското производство, градежништвото, трговијата, транспортот и угостителството. Падот на економската активност значително забави во третото (пад од 5,9%) и особено во четвртото тримесечје (пад од 0,8%), во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот секторво втората половина на 2020 година. Декомпозицијата на БДП според расходната страна покажува дека јавната

потрошувачка има значителен придонес кон ублажување на негативните последици на пандемијата врз економијата, со раст од 6,4% во 2020 година, а економските мерки, како што се: финансиска поддршка на претпријатијата за исплата на плати, платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка, зголемена кредитна поддршка преку бескаматните кредитни линии имаа значаен придонес кон ублажување на падот на приватната потрошувачка и инвестициите во овој период.

Одговорот на фискалната политика на пандемијата во земјата беше брз и значителен во поддршката на претпријатијата и вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население. Во 2020 година беа усвоени 4 пакети со вкупно 70 мерки за справување со ефектите од коронавирусот, во вкупна вредност од над 1 милијарда евра. Државната помош преку различни мерки кои ќе ги поддржат домашната побарувачка и извозната активност продолжи и во 2021 година со цел побрзо опоравување на домашната економија и создавање основа за забрзан економски раст на долг рок, при што Владата ги усвои петтиот и шестиот пакет мерки.

Во 2021 година, и покрај нарушувањата предизвикани од пандемијата, домашната економија закрепна во согласност со очекуваната динамика. По падот од 1,8% во првиот квартал, економската активност се зголеми за 13,4% во вториот квартал, проследено со раст од 3% и 2,3% во третиот и четвртиот квартал соодветно, што доведе до просечен економски раст од 4% во 2021 година, како резултат на поволната епидемиолошка состојба, подобрената мобилност, владините мерки насочени кон поддршка на економијата, поволното меѓународно опкружување и помалото ограничување на потрошувачката. Економскиот раст во 2021 година е резултат на поволните движења во услужниот сектор, каде што активноста порасна за 5,2%. Растот во услужниот сектор е на широка основа, воден од трговската дејност, следен од информациско-комуникациската активност (раст од 3,2%). Градежната активност стагнираше, додека активноста во индустрискиот и земјоделскиот сектор е намалена за 1,3% и 1,2%, соодветно.
Анализирано по расходната страна на БДП, растот на економската активност во 2021 година е резултат на поволната домашна побарувачка во услови на закрепнување на приватната потрошувачка и инвестициите, додека нето-извозот имаше негативен придонес врз растот. Потрошувачката порасна за 4,9% на реална основа, поттикната од приватната потрошувачка со раст од 5%. Растот на потрошувачката е резултат на закрепнувањето на дознаките од странство, растот на платите, државната помош и кредитната поддршка. Јавната потрошувачка порасна за 4,1%. Бруто инвестициите се зголемија за 9,2% како резултат на значителниот пораст во вториот и четвртиот квартал. Извозот на стоки и услуги закрепна во текот на првата половина од годината, продолжувајќи со умерено темпо во втората половина, при што извозот се зголеми за 12,3% на реална основа. Увозот на стоки и услуги реално се зголеми за 13,9%, главно поттикнат од зголемениот увоз на интермедијарни стоки.

Согласно основното среднорочно сценариово периодот 2022-2026 година се предвидува просечен годишен раст од 5,4%, придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има негативен придонес, во услови на проектиран раст и на извозот и на увозот.

Во насока на заложбите за фискална консолидација, а воедно и целите за удвојување на економскиот раст и постигнување годишни стапки на реален раст на БДП од околу 5%, во Министерството за финансии во завршна фаза на подготовка е Планот за финансирање на економското заздравување и забрзувањето на економскиот раст. Овој план ги презентира постојните и новите механизми за пристап до капитал за финансирање на заздравувањето и забрзувањето на економскиот раст, преку инвестициски проекти во јавниот и приватниот сектор, и ги квантифицира ефектите врз бруто-инвестициите и економскиот раст. Со планот се предвидува пораст на вкупните инвестиции во економијата, а притоа да се остане на зацртаниот курс на фискална консолидација, а со тоа и да се задржи јавниот долг на стабилно ниво.

Во посткризниот период мерките ќе бидат насочени кон стимулирање на приватната потрошувачка на граѓаните и дополнителна поддршка на стопанството за заштита на ликвидноста и работните места, зголемување на конкурентноста, продуктивноста и модернизирање на опремата и процесите.

Приоритетите на среден рок ќе бидат насочени кон зголемување на конкурентноста на економијата и вработеноста, создавање на поволна деловна клима, поддршка и развој на малите и средните претпријатија, унапредување на социјалната сигурност и заштита, развој на иновативната дејност, како и поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти.

### 1.2.1 SWOT АНАЛИЗА ( Strenghts, Weaknesses, Opportunities and Treats)

SWOT или анализа на предностите, слабите страни, можностите и опасностите ни овозможува да го воочиме влијанието на внатрешните фактори во Министерството за финансии.

Предностите на Министерството за финансии се:

- ефикасно и ефективно донесување на ad hoc одлуки од страна на врвното раководството;
- Посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;
- Подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации;
- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ-регулативата и одлична примена на правото во сите работни процеси;
- Спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола извршени во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво;
- Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција;
- Одлична соработка со меѓународните финансиските институции и билатерални донатори;
- Изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002);

Слаби страни кои се воочени во Министерството за финансии се :

- Недостаток на човечки ресурси во одредени сектори:
- Одлив на стручни кадри од Министерството во други институции и во приватниот сектор;
- Непотполнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени активности во работењето на Министерството;
- Недоволен број на потребните обуки во земјата и странство за надградување на вработените;.

Можности за подобрување на постојната состојба во Министерството се :

- соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација, како и меѓуресорски трансфери на дел од вработените како би можеле да дадат поголем придонес

- Надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство;

Опасности (закани) за редовното функционирање на Министерството за финансии се:

- Одлив на стручни кадри во други институции и одење во пензија и ненавремено потполнување на работните места со новоевработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од тие што заминуваат.
- Непредвидени ситуации со КОВИД 19 вирусот

| **ПРЕДНОСТИ (Силни страни)** | **СЛАБОСТИ (Слаби страни)** |
|---|---|
| - ефикасно и ефективно донесување на ad hoc одлуки од страна на врвното раководството;<br>- Посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>- Подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации;<br>- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ-регулативата и одлична примена на правото во сите работни процеси;<br>- Спроведување контрола на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола извршени во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво;<br>- Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција;<br>- Одлична соработка со меѓународните финансиските институции и билатерални донатори;<br>- Изготвени политики и процедури за квалитет (ISO 9001:2015) и информациска сигурност (ISO 27002); | - Недостаток на човечки ресурси во одредени сектори:<br>- Одлив на стручни кадри од Министерството во други институции и во приватниот сектор;<br>- Непотполнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени активности во работењето на Министерството;<br>- Недоволен број на потребните обуки во земјата и странство за надградување на вработените;. |
| **МОЖНОСТИ** | **ОПАСНОСТИ (Закани)** |
| - соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација, како и меѓуресорски трансфери на дел од | Одлив на стручни кадри во други институции и одење во пензија и ненавремено потполнување на работните места со новоевработени кои |

| | |
|---|---|
| вработените како би можеле да дадат поголем придонес<br>- Надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство; | ќе ги преземат знаењето и искуството од тие што заминуваат.<br>Непредвидени ситуации со КОВИД 19 вирусот |

**1.2.2 PESTLE АНАЛИЗА (Political, Economic, Social, Tehnological, Legal and Environmental)**

Анализата на политички, економски, социјален, технолошки, правен и еколошки план (PESTLE анализа) е корисен метод кој ни помага да ги согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за финансии во 2021 .

Оттука, од аспект на **политички фактори** кои имаат влијание на функционирањето на Министерството за финансии како најважни се:

- Стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија;
- Залучоците кои произлегуваат од седниците на Влада кои треба да ги спроведе Министерството за финансии;
- Редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, кои се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија,
- Во 2021 година со цел побрзо опоравување на домашната економија и создавање основа за забрзан економски раст на долг рок, Владата ги усвои петтиот и шестиот пакет мерки за справување со ефектите од коронавирусот.
- Извештаите на ЕК за напредокот на РСМ, претставуваат важна рамка за насоките за работата на МФ.

Поважни **економски фактори** кои имаат влијание на функционирањето на Министерството за финансии како најважни се:

- Обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија;
- Пристап до меѓународни програми и фондови;
- Можности за обезбедување на средства од донатори за спроведување на одредени проектни активности;
- Економската стабилност и закрепнување во периодот на Пандемијата.

Поважни **социјални фактори** кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се:

- Влијанието на граѓанскиот сектор
- Информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии.

**Технолошки фактори** кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за финансии се:

- Напредокот на дигиталните технологии
- Креирана е нова веб страна на МФ (високо квалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ

Од аспект на **правните фактори** кои имаат влијание врз работењето на Министерството за финансии ги издвојуваме:

- општите законски и подзаконски акти;
- Закон за буџети
- Меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) како и други активности на меѓународно ниво.

Од побитните **еколошки фактори** кои имаат влијание врз работата на Министерството за финансии би ги издвоиле:

- Климатските промени
- Обврската за заштита на животната средина и воведување на стандарди за нејзина заштита.

**PESTLE АНАЛИЗА**

| **Политички фактори**: | **Економски фактори**: | **Социјални фактори:** |
|---|---|---|
| - Стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија;<br>- Залучоците кои произлегуваат од седниците на Влада кои треба да ги спроведе Министерството за финансии;<br>- Редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, кои се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија,<br>- Во 2021 година со цел побрзо опоравување на домашната економија и создавање основа за забрзан економски раст на долг рок, Владата ги усвои петтиот и шестиот пакет мерки за справување со | - Обезбедени финансиски средства во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија;<br>- Пристап до меѓународни програми и фондови;<br>- Можности за обезбедување на средства од донатори за спроведување на одредени проектни активности;<br>- Економската стабилност и закрепнување во периодот на Пандемијата | - Влијанието на граѓанскиот сектор<br>- Информирањето на медиумите за работењето на Министерството за финансии. |

| | | |
|---|---|---|
| ефектите од коронавирусот.<br>- Извештаите на ЕК за напредокот на РСМ, претставуваат важна рамка за насоките за работата на МФ. | | |
| **Технолошки фактори**:<br>- Напредокот на дигитални технологии<br>- Креирана е нова веб страна на МФ (високо квалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МФ | **Правните фактори**:<br>- општи законски и подзаконски акти<br>- Закон за буџети<br>- Меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) како и други активности на меѓународно ниво. | **Еколошки фактори**:<br>- Климатските промени<br>- Обврската за заштита на животната средина и воведување на стандарди за нејзина заштита. |

## 1.3. МИСИЈА

Мисија на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 1.4. ВИЗИЈА

Визијата на Министерството за финансии е да спроведува континуирани реформи во доменот на јавните финансии, кои преку зајакнување на транспарентноста, инклузивноста и ефикасноста, ќе придонесат во градењето на функционалната пазарна економија и постигнувањето на забрзан, инклузивен и одржлив развој.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии ги врши работите кои се однесуваат на:

- Креирање на среднорочна стратегија за економско заздравување и забрзан раст, со акцент на изворите, инструментите и механизмите на финансирање на растот;
- Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација и учество во процесот на подготовка на Програмата за економски реформи;
- Креирање на фискалната политика, управување со јавните финансии, унапредување на буџетскиот процес, подготвување и извршување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, како и подготовка на среднорочни фискални проекции, анализа и следење на буџетските приходи и расходи на централно и локално ниво и следење на јавните инвестиции;
- Креирање на даночна и царинска политика во функција на зголемување на конкурентноста на националната економија и водење преговори за склучување на договорите за заштита на инвестиции и договорите за одбегнување на двојно оданочување и за заштита од фискална евазија;
- Ефикасно управување со јавниот долг на Република Северна Македонија преку обезбедување средства за финансирање на Буџетот на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик и издавање државни гаранции на начин кој одговара на пруденто ниво на ризик, одржување ефикасен и ликвиден пазар на државни хартии од вредност и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг;
- Управување со трезорската сметка и другите сметки на државата, следење на јавните приходи и расходи на централно и локално ниво, нивна распределба по корисници и единиците на локална самоуправа, како и подготовка на проекции за ликвидноста на трезорската сметка;
- Унапредување на управувањето со јавните финансии преку промовирање на транспарентноста, отчетноста, фискалната дисциплина и ефикасноста во користењето на јавните ресурси, со цел обезбедување на ефикасност и ефективност на јавната

потрошувачка и обезбедување на повисоко ниво на јавни услуги и економски развој, како и координација во процесот на реализација на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии – ПФМ;

- Ефикасно користење на ЕУ претпристапната помош и воспоставување на ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од ИПА фондови;
- Одржување на стабилен финансиски систем преку изготвување на регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, финансискиот лизинг, игрите на среќа и забавните игри;
- Наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, побарувања генерирани од Компензациони фондови како и наплата на побарувања по основ на договори за преподзајмување (он лендинг);
- Хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ и спроведување на внатрешна финансиска контрола во Министерството и во другите органи, спроведување на внатрешна ревизија во Министерството и органот во состав на Министерството без својство на правно лице; спроведување на внатрешна ревизија во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии,
- Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција преку организирање и спроведување на инспекциски надзор на регуларноста на трансакциите и другите активности од областа на финансиското управување и контрола извршени во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво како и заштита на финансиските интереси на Европската унија преку координација на административни и оперативни обврски и активности и предлог измени на националното законодавство во врска со борба против измама на ЕУ фондови и ефективна соработка со Европската канцеларија за борба против измама (ОЛАФ).
- Јакнење на системот на јавни набавки во согласност со европските стандарди и системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето на пари, во функција на јакнење на правната држава и владеењето на правото;
- Координација на соработката со меѓународните финансиски институции и непосредно учество во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите кои се поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициска банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатералните финансиски институции во однос на утврдување на најповолен начин за финансирање на проектите.
- Програмирање, техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА 2 и ИПА 3.

### 1.5.1 ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНЦЕПТ „СМАРТ“ ФИНАНСИИ

Во периодот 2021-2023 ќе се воспостави концептот „СМАРТ“ финансии. СМАРТ или во буквален превод „паметни“ финансии ќе биде систем на јавни финансии којшто ќе се базира на јасна стратегија и ќе биде одржлив, одговорен, реформски ориентиран и транспарентен (S-strategical, M-mantainable, A-accountable, R-reform-oriented, T-transparent). Овој систем на

смарт финансии ќе ги имплементира реформите што треба да се направат во јавните финансии, во смисла на подолгорочно и поквалитетно планирање на буџетските програми и буџетите. Истиот ќе биде континуиран, односно одржлив и во континуитет ќе дејствува кон подобрување на транспарентноста. Од аспект на економска филозофија или политичка економија, ова ќе значи стремење кон поправичен модел на јавни финансии гледано од аспект на приходи, расходи и начин на финансирање.

Традиционалното буџетирање кое што се базира на инкременталните нивоа на финансирање, ќе се преориентира кон буџетирање коешто е ориентирано кон резултати. Односно, ќе се гледа перформансот на институциите и согласно тоа ќе се утврдува колку средства ќе им се доделуваат на буџетските институции за проекти согласно тоа какви се резултатите на тие инвестиции. На тој начин ќе се надминат нереалните планирања што ги имаме со години, па и децении наназад, каде што капиталните расходи се нереално планирани, кои потоа реално потфрлаат во реализацијата.

Понатаму, планирањето од една за друга фискална година ќе се ориентира повеќе кон подолгорочно планирање. Имено, најголем дел од стратешките и капиталните проекти не се реализираат во тек на една фискална година, туку во тек на повеќе години и умешноста да се утврди вистинската динамика на проектот на среден рок, може да биде од суштинско значење и за самата реализацијата на тој проект.

Еден од главните столбови на овој систем ќе биде транспарентноста и отчетноста на јавните финансии како највисок степен на фискална контрола.

Дизајнирањето на политиките и мерките ќе се води од принципот на отчетност и мерење на резултатите во остварување на целите преку т.н. SMART Key Performance Indicators (S-specific goal, M-measurable, A-attainable, R-relevant, T-time-frame), т.е. целите да бидат добро специфицирани, да бидат мерливи, остварливи, релевантни и да имаат временска рамка за имплементација.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно врзани со подготовката на стратешките документи како: фискалната и макроекономската политика, Стратегијата за управување ос јавен долг со која се дефинира политикатата на јавен долг, подготовка на Буџетот на Република Северна Македонија, подготовка на Програмата на економски реформи во рамки на Поедноставениот европски семестар на ЕУ за земјите кандидати, со цел подобрување на економското управување, како и Програмата за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата и го координира исполнувањето на обврските кои произлегуваат од НПАА програмата и другите стратешки документи за европска интеграција.

Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано / индиректно управување со средствата од ЕУ-ИПА (Надлежен координатор за акредитација, Националниот координатор за авторизација и Програмскиот службеник за авторизација/раководител на оперативната структура), кои што ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата кои произлегуваат од договорите склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија. Исто така формирано е Одделение за координација на борба против измама на ЕУ

средствата (АФКОС) за координација на административни и оперативни обврски и активности со цел да се заштитат финансиските интереси на Европска Унија и ефективната соработка и размена на информации со ОЛАФ.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, внатрешната финансиска контрола како и активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување на перењето пари и финансирање на тероризам.

Согласно ова Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи, како органи во состав на Министерството за финансии.

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите Министерството за финансии соработува со: Народната банка на Република Северна Македонија, Развојна банка на Северна Македонија; мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светската банка, Банката за развој при Советот на Европа, Германската кредитна банка за обнова- KfW, USAID, Швајцарија – SECO, Шведска – SIDA, Јапонската агенција за меѓународна соработка – JICA, Европската банка за обнова и развој, агенции на ООН (UNDP, FAO и други), Европската инвестициона банка, Европското биро за борба против измама (ОЛАФ), Европската комисија, Делегацијата на Европската Комисија и други меѓународни субјекти и синдикати, како и корисниците и единките корисници на средства од Буџетот; единиците на локалната самоуправа; Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија; Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Државен завод за ревизија, Државен завод за статистика, Сојуз на стопански комори на Македонија; Македонската берза; Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи, институции од науката, јавните обвинителства, судовите, Комисијата за спречување на корупцијата, бизнис секторот (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.

# 1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Органограм на Министерството за финансии




* Промените во програмите и потпрограмите на Стратешкиот план на Министерството за финансии се резултат на Процесот за реорганизација на јавната администрација кој произлегува од Стратегијата за реформа на јавната администрација за периодот 2018-2022,
Процесот за реорганизација на јавната администрација се спроведува заради кохерентна институционална структура на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служни од централна власт.

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ:

Владата на Република Северна Македонија со Одлука ги утврди следните стратешки приоритети во 2022 година:

- ✓ Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- ✓ Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот;
- ✓ Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- ✓ Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- ✓ Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- ✓ Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- ✓ модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- ✓ целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и
- ✓ заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Министерството за финансии во рамките на своите законски надлежности превзема мерки и активности кои придонесуваат за реализација на одредени стратешки приоритети дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- ✓ задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста;
- ✓ одржување на солиден економски раст и стабилно макро опкружување преку формулирање здрави економски политики, зголемување на наплата на приходите,

  обезбедување ефикасна распределба, транспарентност и отчетност за сите јавни ресурси;
- ✓ фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти;
- ✓ предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија, поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции;
- ✓ реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка, зајакнување

  на процесот на планирање, извршување и известување за јабните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување внатрешна и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето;

- ✓ етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот институции по принципот на исполнување на развојни индикатори (СМАРТ Клучни перформансни индикатори);
- ✓ ефикасно користење на ЕУ пристапната помош и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови;
- ✓ одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови;
- ✓ ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето, борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на Европската Унија;

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА (2020)

***Министерството за финансии во овој период работеше на подготовката и донесувањето на следниве закони и подзаконски акти:***

Активностите на Министерството за финансии во текот на 2020 година беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграцијата во ЕУ и НАТО, долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрена наплата на приходите и рационално и наменско трошење на јавните средства, кои ќе придонесат за подобрување на животниот стандард на населението.

Во 2020 година Министерството за финансии во рамките на своите надлежности своите активности и мерки ги насочи кон реализирање на стабилна макроекономска политика, во услови на пад на БДП од 6,1% на реална основа. Намалената економска активност е главно резултат на неповолните движења во второто тримесечје, кога реалниот БДП се намали за 16,4% на годишна основа, што се должи на ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно окружување, а се одрази врз активноста на голем дел од услужните дејности, градежништвото и индустријата. Во третото и четвртото тримесечје падот на економската активност значително забави, односно е забележан пад од 5,9% и 0,8% соодветно, во услови на забавено темпо на пад на активноста во индустрискиот и услужниот сектор, односно поповолни движења на извозната и инвестициската активност и континуиран раст на јавната потрошувачка со цел справување со пандемијата. Падот на економската активност можеше да биде подлабок, според процените приближно двојно поголем, во отсуство на државната помош преку четири пакети на економски мерки со цел поддршка на претпријатијата и вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население. Ваквата респонзивност на фискалната политика резултираше, пред се, со ублажување на падот на доходот, приватната потрошувачка и на вработеноста предизвикана од пандемијата, како и позначителен раст на јавната потрошувачка.

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на министерството, подготвени се повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на министерството.

### 1.9.1 АДМИНИСТРАЦИЈА

Во **Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата** со поддршка од експертите од ИПА твининг проектот

- изработен е ревидиран Акциски план за 2020-2021 за имплементација на Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ и

- ревидирани се нацрт - Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на структурите вклучени во системот на управување со неправилности и измами при користење на ЕУ средства и нацрт-Одлуката за воспоставување на АФКОС мрежата, во консултација со Европската Канцеларија за борба против измама (ОЛАФ).

Во 2020 година, Министерството за финансии се фокусираше на реализација на активностите предвидени со Акцискиот план 2020-2021 за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2019 – 2022.

Подготвен е и усвоен Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор и за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на ЕУ во 2019 година.

Исто така, во текот на 2020 година во делот на финансиската инспекција во јавниот сектор се спроведоа следните активности:

- Спроведени се активности за преглед и проценка на постојната законска рамка за финансиска инспекција и подготовен е Извештај за проценка на законската рамка за финансиската инспекција во јавниот сектор и други релевантни документи, како основа за измени на законската регулатива за финансиската инспекција во јавниот сектор,
- Отпочнати се активности за измени и дополнувања на Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор,
- Изработен е документ за планирање на развојот на финансиската инспекција во јавниот сектор за периодот 2021-2026 година,
- Подготовена е компаративна анализа заснована на научени лекции од претходното искуство на финансиската инспекција во Министерството за финансии и на најдобрите практики во ЕУ,
- Одржана е работилница за извршување на финансиска инспекција преку студии на случај и
- Извршени се инспекциски постапки за надзор над спроведување на одредбите од Законот за финансиска дисциплина и отпочнати се инспекциски постапки согласно Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

Во **Секторот за јавна внатрешната финансиска контрола** постигнати се следните резултати во 2020 година:

Во 2020 година, продолжи спроведувањето на реформите планирани во Програмата за реформа на УЈФ за приоритет 6: внатрешната контрола продолжи преку следните активности:

- Со цел да се зајакне раководната отчетност преку примена на систем за децентрализирано управување со јавни средства, ЦЕХ подготви пасош на индикатор „Процент на буџетски корисници кои применуваат систем за децентрализирано управување со јавни средства“.
- Со цел подобро следење на квалитетот на работата на одделенијата за внатрешна ревизија и зголемување на процентот на спроведени препораки за внатрешна ревизија, ЦЕХ подготви пасош на индикатор за пасош - „Процент на спроведени препораки за внатрешна ревизија“.

Во рамките на холандската билатерална поддршка и соработка со Националната академија за финансии и економија во 2020 година, продолжија следниве активности за процена на клучните активности за контрола во Министерството за труд и социјална политика:

- На 3 и 4 март 2020 година, се одржа работен состанок во Министерството за труд и социјална политика и Центарот за социјална работа - Скопје, каде што беа оценети имплементацијата на процесот „Право на детски додаток“ и „Право на гарантирана минимална помош “.
- Извештај за спроведената процена на финансиското управување и контрола во областа на правото на детски додаток и правото на гарантирана минимална помош беше поднесен од холандските експерти до ЦЕХ на 30 јуни 2020 година и беше доставен за коментари до Министерството за труд и социјална политика.

На 28 јануари 2020 година, Комитетот за следење на спроведувањето на политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор одржа втор состанок, на кој беше разгледан и усвоен Извештајот за напредокот во спроведувањето на Стратегијата за ЈВФК (со Акцискиот план за периодот од 2019 до 2021 година) за периодот јули - декември 2019 година. Во јули 2020 година, Комитетот го разгледа и усвои Извештајот за напредокот во спроведувањето на Стратегијата за развој на јавна внатрешна финансиска контрола, за периодот јануари - јуни 2020 година.

Имплементацијата на мерките и активностите наведени во Програмата за реформа на УЈФ и Стратегијата за ЈВФК е поддржано од ЕУ ИПА 2018 Твининг проектот *“Зајакнување на функциите за планирање на буџетот, извршување и внатрешна контрола”, во рамките на Компонента 2: Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку ефективната имплементација на Политиката за ЈВФК.* Заради состојбата со Ковид-19, активностите во рамките на Твининг проектот започнаа во јуни 2020 година и се спроведуваат со забавена динамика.

Во периодот јуни - декември 2020 година, експертите вклучени во проектот во соработка со Централната единица за хармонизација подготвија:

- Извештај со анализа и препораки за подобрување на Акцискиот план за периодот од 2019 до 2021 година од Стратегијата за ЈВФК.
- Нацрт - правилник за формата и содржината на извештаите, акциските планови и извештајот за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли за Годишниот извештај за ЈВФК.
- Извештај за евалуација на постојните методолошки алатки според нацрт-законот за ЈВФК и препораки за нивно подобрување.
- Ново Упатство за управување со ризици за институциите од јавниот сектор беше подготвено.

Целта на ова упатство е да им помогне на институциите од јавниот сектор во управувањето со ризиците. Подготовката на упатството е планирана активност во мерките 3.1 во приоритет 3- Ефикасно управување со ризик од „Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (2019 - 2021 година)“.

Со цел обезбедување континуирани обуки за јавни финансии (вклучувајќи ја и ЈВФК) во рамки на Твининг проектот започнаа активностите поврзани со основање на Школа за јавни финансии. Формирана е работна група за координација на активностите за воспоставување на школата која ќе има задача да изготви анализа и даде предлог за избор на модел за организација на Школа за јавни финансии.

На 22 април 2020 година, ЦЕХ, на својата веб-страница објави „Упатство за работа на единиците за внатрешна ревизија на јавниот сектор во Република Северна Македонија во вонредни услови предизвикани од Ковид-19“.

Годишниот извештај за функционирање на системот за јавна внатрешна финансиска контрола за 2019 година беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 18 август 2020 година.

На 3 ноември 2020 година Нацрт законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор беше објавен на ЕНЕР, а на 15 декември 2020 беше организирана јавна расправа на која присуствуваа 35 претставници од органите на државната управа, невладиниот сектор и Делегацијата на ЕУ во Скопје. Согласно добиените коментари од ЕНЕР и јавната расправа, нацрт законот беше финализиран и разгледан од Економскиот совет на Владата и последователно усвоен од страна на Владата на 28 декември 2020 година. Во почетокот на јануари 2021 година, предлог законот ќе биде доставен до Собранието заради усвојување.

Во **Секторот за внатрешна ревизија** во Министерството изготвени се:

- Годишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за 2019 година во Министерството за финансии, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија,

- Извештаи за спроведени внатрешни ревизии согласно согласно Годишните планови за внатрешна ревизија за 2020 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија,

- Стратешки планови за извршување на внатрешна ревизија за период од 2021 до 2023 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија и

- Годишни планови за внатрешна ревизија за 2021 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија.

Во **Секторот информатиката**, перманентно се превземаа мерки и активности за континуиран развој и одржување на ИКТ инфраструктура во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на корисниците на Министерството и други субјекти, и тоа преку одржување и безбедност на информатичката опрема, обука за вработените, континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка поддршка за вработените во министерството.

Во текот на 2020 година, Имплементиран е систем за управување со безбедносни информации и настани (Security Information and Event Management - SIEM) и завршена е надградба и миграцијата на серверска инфраструктура на податочниот центар на Министерството.
До крајот на годината се планираше завршување на серверска инфраструктура на податочниот центар на Министерството на секундарна локација - Струмица. Но, имајќи ја предвид состојбата со пандемијата предизвикана од COVID 19 ( изолација на Секторот за информатика на Министерството и на УЈП ПЕ Струмица и откажаните набавки), планираната активност за 2020 година е делумно завршена и истата ќе продолжи во 2021 година. Изготвени се политики и процедури на ISO 27002:2013 стандард/код за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите.

Во врска со имплементацијата на современ интергриран информационен систем за управување со јавните финансии, со ангажман на консултанти, во соработка со Секторите за Трезор, Буџет и фондови, Јавен долг и меѓународни финансии, Финансиски прашања, и Информатика, изработена е техничка спецификација за интергриран информационен систем

за управување со јавните финансии. Се очекува во наредниот период имплементација на истиот.

Во **Секторот за финансиски прашања** во 2020 година континуирано се преземаа активности за редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии и реализација на исплатите за проектите Купи куќа купи стан и Купи куќа за млади. Исто така изготвени се:

- Завршни сметки за 2019 година,
- Годишен финансиски извештај за 2019 година согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- Предлог буџетско барање на Министерството за финансии за 2021 година.

Во **Секторот за второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања** континуирано се врши наплата на побарувањата и е остварена продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени проценки од страна на Бирото за судски вештачења и донесени Одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија, изготвени се завршни сметки, постапено е по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување на управни акти), постапено е по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување на управни акти), поднесени се опомени и известувања до должници, се врши следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедува комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираат инструментите за задршка на средства за поврат на ддв и задршка на донации до Сектор за трезор/се поднесуваат барања за поведување на судска постапка за наплата на побарувања.

### 1.9.2 МАКРОЕКОНОМСКА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА

Во **Секторот за буџет и фондови** изработена е:

- Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година,
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година,
- Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година,
- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите,
- Уредба со законска сила на Законот за буџети во вонредна состојба и
- Уредба со законска сила на Законот за финансирање на ЕЛС за време на вонредна состојба.
- Исто така, издготвени се:
- Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година,
- Законот за извршување на Буџетот за 2021 година.
- Со експерт од Светска банка изготвен е Предлог-Закон за буџетите, кој е усвоен од страна на Владата и е во собраниска процедура.

Во Секторот за буџет и фондови подготвени се повеќе документи во функција на реализација на зацртаните цели и активности и тоа:

- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година,
- Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година (со изгледи до 2025),
- Буџетски циркулар за 2021 година со кој се даваат насоките за изработка на Буџетот за наредната година.

**Во Секторот за трезор**, врз основа на спроведените и реализирани активности во овој период изготвен е:

- Годишен Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 01 јануари до 31 декември 2019 година и
- Полугодишен Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за период од 01 јануари до 30 Јуни 2020 година.

**Во Секторот за макроекономска политика**, во 2020 година реализирани се следните активности: :

- Програмата на економски реформи

Програмата на економски реформи 2020-2022 е усвоена од страна на Владата и доставена до Европската комисија на 3 февруари 2020 година. Согласно Хоризонталниот преглед на Програмите за економски реформи 2020-2022 година на државите од Западен Балкан и Турција[1], по претходно спроведени оценски мисии од страна на ЕК, Република Северна Македонија има постигнато најголем успех во спроведување на препораките од Економско-финансискиот дијалог од мај 2019 година.

Врз основа на оценката од страна на Европската комисија, во рамки на Економско-финансискиот дијалог, одржан на 19 мај 2020 година, усвоени се заеднички заклучоци со препораки за наредниот период, насочени кон мерки кои обезбедуваат итен одговор во однос на фискалната, економската и социјалната политика, со цел намалување на влијанието на пандемијата, како и транзиција од овие краткорочни мерки кон подолгорочни структурни мерки за поттикнување на закрепнување на економијата на среден рок. Имајќи предвид дека рокот за доставување на ПЕР 2021-2023 до ЕК беше најдоцна до 31 јануари 2021 година, надлежните институции до декември 2020 година требаше да реализираат што повеќе активности во насока на исполнување на заклучоците, со цел исполнување на економските критериуми за членство во ЕУ.

Во август 2020 година тимот од МФ одговорен за подготовка на Програмата одржа почетен состанок со надлежните институции, за подготовка на новата Програма на економски реформи 2021 – 2023.

Министерството за финансии, како координатор на процесот на подготовка на ПЕР, во август 2020 година достави до Владата Информација за Програмата на економски реформи 2021-2023 со Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година. Во рамки на Информацијата приложен беше и Работен план за ПЕР 2021-2023 година за подготовка на структурни реформски мерки за надминување на трите клучни предизвици за земјата, а согласно оценката на ЕК: 1) подобрување на квалитетот и релевантноста на образовниот систем; 2) зголемување на конкурентноста на

[1] https://www.ab.gov.tr/siteimages/resimler/COM%20horizontal%20overview_ERPs%202020%20and%20COVID%20final%20(1)(2).pdf

домашните компании и нивна интеграција во глобалните синџири на вредности и 3) формализација на економијата. При дефинирање на мерките, фокусот на институциите беше кон пост-ковид закрепнување на економијата, притоа земајќи ги во предвид и зелената и дигитална трансформација на економијата во сите области на структурните реформи. Воедно, поголемо внимание беше ставено и на социјалната заштита, особено на здравствената заштита. Владата ја усвои Информацијата во септември 2020 година.

Во изработка на ПЕР 2021-2023 беа вклучени сите релевантни институции, а истатабеше финализирана до крајот на 2020 година. На 7 декември 2020 година Нацрт-Програмата, Поглавје 5 - Структурни реформски мерки, беше објавена на Интернет страната на Министерството за финансии, со цел сите заинтересирани страни да дадат активен придонес во процесот на изработката на документот. На 15 јануари 2021 година, нацрт ПЕР 2021 - 2023 беше дискутиран на седница на Економско - социјалниот совет.

Програмата беше усвоена од Владата на РСМ на 26 јануари 2021 година, и доставена до ЕК во рамки на предвидениот рок, до 31 јануари 2021 година.

- Во 2020 објавен е јавен повик за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во периодот од 1ви јануари до 31ви декември 2020 година, со што продолжи спроведувањето на проектот „Купи куќа, купи стан“.
- Во јуни 2020 година беше изготвен и доставен Извештај за напредокот во спроведување на реформите согласно методологијата на Извештајот „Doing Business“ до Светска банка.

Во **Секторот за меѓународни финансиски односи и управувањето со јавниот долг** во 2020 година се донесе:

- Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2021 година и,
- Одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзница на Република Северна Македонија во 2020 година
- Изработен е Годишен извештај за јавниот долг за 2019 година, а исто така во текот на годината е изработена и усвоена од Влада на Република Северна Македонија и Стратегијата за управување со јавниот долг за 2021-2023 (со изгледи до 2025 година).

Истовремено, во рамки на обезбедените средства продолжи имплементацијата на започнатите продуктивни инфраструктурни проекти во функција на повисок економски раст.

Воедно донесени се следните уредби и закони:

- Уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд за финансиската поддршка од Инструментот за брзо финансирање за време на вонредна состојба,
- Уредба со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба,
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба,

- Уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Европската Унија преку инструментот Макрофинансиска поддршка за справување со последиците предизвикани од Ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба,
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, и
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија.

Во 2020 година подготвени се:

- Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор,
- Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“ и
- Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование.

Горенаведените законисе усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија, меѓутоа истите не беа усвоени од Собранието на Република Северна Македонија до 31.12.2020 година.

Подготвени и усвоени се:

- Информација за учеството на Република Северна Македонија во отпишувањето на долгот на Федерална Република Сомалија кон Меѓународниот монетарен фонд,
- Информација за потребата од задолжување на Република Северна Македонија кај Светската банка со заем за развојни политики за итни ситуации, како и користење на финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд,
- Информација за потребата од испраќање Писмо за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање (Rapid Financing Instrument),
- Информација за пренамена на средства од Проектот за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка во насока на кофинансирање на владината мерка за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година,
- Информација за потребата од склучување на Амандман бр.3 и Амандман бр. 4 на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојната цел: „Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество“,
- Информација за потребата од склучување на Амандман на Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10,

- Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој, кој се однесува на соработката за поддршка на процесот за членство во Европската Унија,
- Информација за начинот на обезбедување на преостанатите 50% од средствата потребни за затворање на финансиската конструкција за изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија,
- Информација за потребата од склучување на Омнибус Амандман на Договорите за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка,
- Информација за потребата од користење на Макро-финансиска поддршка од Европската Унија за не-ЕУ држави, Информација за склучување на Меморандум за разбирање за макрофинансиска помош на Република Северна Македонија со Европската унија во износ до 160 милиони евра.

Воедно, донесени се следните одлуки:

- Одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој,
- Одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите,
- Одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој,
- Одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, и
- Одлука за општо и селективно зголемување на капиталот на Меѓународната финансиска корпорација со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија.

Исто така подготвени се и следните документи:

- Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година,
- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2019 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари - декември 2019 година,
- Извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии, за периодот јануари – август 2020 година.

Врз основа на спроведената Проценка на управувањето со јавните инвестиции (ПИМА) од страна на Меѓународниот монетарен фонд, Министерството за финансии, како координатор на процесот подготви Акциски план за спроведување на препораките од ПИМА, кој е усвоен од страна на Владата. Акцискиот план предвидува активности кои треба да започнат со реализација во 2021 и 2022 година, а ќе се спроведуваат од страна на надлежните национални институции во следниот период 2021 - 2024 во насока на подобрување на планирањето, алокацијата и спроведувањето на јавните инфраструктурни проекти.

Во 2020 година подготвен е Придонес кон извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот декември 2019 – февруари 2020.

Во **Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош ИПА** подготвени се повеќе документи во функција на натамошно унапредување на односите со Европската Унија:

- Годишната изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата за 2020 година за програмите од ИПА 1 и ИПА 2,
- -Годишна декларација за управување со програмите од ИПА 2 и истите беа доставени од НАО до Европска комисија,
- -Доставени се редовни апликации за средства до Европската комисија, врз база на направени трошоци во рамките на ИПА компонента 1 и ИПА 2,
- -Подготвени се акциски планови за отстранување на недостатоците, согласно наодите на ревизорското тело на ИПА компонентите 1 и ИПА 2, се имплементира договорот „Надградба на постоечкиот Менаџмент Информациски Систем со сеопфатна алатка за следење“ за развој на посебна алатка за следење која ќе биде дел од Менаџмент Информацискиот Систем. Финализацијата на овој проект доведе до подобрувања во функционалноста во делот на мониторинг, јавни набавки и Анализата на научени лекции. Одржувањето на овој систем се финансира од националниот буџет преку јавни набавки, на годишно ниво и се имплементираше и во текот на 2020 година.

Исто така, Плановите за јавни набавки за ИПА 2 (Транспорт, Животна средина и климатска акција, како и за образование, вработување и социјална политика) беа ревидирани согласно тековното имплементирање на проектите во 2020 година.

Истовремено, воспоставен е систем за електронско известување на неправилности до Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) согласно барањата на Рамковната Спогодба за ИПА II.

Договорот „Надградба на постоечкиот Менаџмент Информациски Систем со сеопфатна алатка за следење“ продолжи да се имплементира и во 2020 година, со договор склучен во јануари 2020 година преку јавни набавки со средства од националниот буџет и ќе трае една година.

Усвоени се измени на Прирачникот за внатреши постапки за работа на Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош согласно препораките на ДГ НЕАР како и во насока на подобрување на процесите и поефикасно работење.

**Секторот за централно финансирање и склучување на договори** во 2020 година го спроведе следните активности во насока на имплементација ИПА средствата:

Во однос на апсорпцијата на ИПА средствата, склучените договори и исплатата на средства за склучените договори заклучно со 31.12.2020 година по програма, е следната:

- Во рамките на Годишната Програма за 2014 на Република Северна Македонија и се ставени на располагање ИПА средства во износ од 20 милиони евра. Склучени се вкупно 26 (дваесет и шест) договори, во вкупен износ од 14,71 милиони евра од кои 12,74 милиони евра се ИПА средства што претставува 63,7 % од расположливите ИПА средства за оваа програма. До крајот на 2020 година, исплатени се 9.46 милиони евра ИПА средства што претставува 47,3 % од расположливите ИПА средства за оваа програма.

- Во рамките на **Повеќегодишната секторска оперативна програма за Транспорт и животна средина и климатски промени** се ставени на располагање ИПА средства во износ од 225.87 милиони евра. Во рамките на оваа програма, потпишани се договори во вкупен износ од 47,09 милиони евра. Исто така, за овие два сектора, тендерските постапки за повеќе проекти се веќе иницирани и во фаза на евалуација, иако поради пандемијата со КОВИД 19, голем дел од тендерските постапки значително се пролоГнираа, а дел од тендерските постапки беа откажани како резултат на неуспешна евалуација. До крајот на 2020 година, исплатени се 17,98 милиони евра ИПА средства што претставува 8 % од расположливите ИПА средства за оваа програма.
- Во рамките на Годишната Програма за 2017 на Република Северна Македонија и се ставени на располагање ИПА средства во износ од 12,65 милиони евра. До сега се склучени 3 (три) договори, во вкупен износ од 5,35 милиони евра од кои 5 милиони евра се ИПА средства што претставува 39,57 % од расположливите ИПА средства за оваа програма. Исплатени се 1,21 милиони евра ИПА средства што претставува 10 % од расположливите ИПА средства за оваа програма.
- Во рамки на **ТАИБ 2012**: исплатени се вкупно 17,32 милиони евра, од кои 14,31 милиони евра се ИПА средства.
- Во рамки на **ТАИБ 2013:** исплатени се вкупно 22,43 милиони евра, од кои 18,77 милиони евра се ИПА средства.

Во истиот период, подготвена е Анализата на научени лекции за 2020 година и доставена до инволвираните страни.

Усвоени се Политиката и процедурите за безбедност на информации, кои беа изработени во рамки на проектот за техничка помош на националните структури, компонента за безбедност на информации на ИПА структурата.

Изготвени се измени на Прирачникот за внатрепни постапки за работа на ЦФЦД, со цел подобрување на процесите и поефикасно работење, како и надминување на утврдени ревизорски наоди.

Во **Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика** во текот на 2020 година поради усогласување со Законот за прекршочна постапка, донесени се следните закони:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси,
- Закон за изменување и дополнување на законот за комуналните такси,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа.
- Донесена е и Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година, како и
- - Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, во насока на усогласување со европското законодавство.

Во 2020 година се донесени и:

- Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка,
- Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход со кои се предвиде ослободување од плаќање на месечните аконтации за месеците ноември и декември 2020 година и јануари и февруари 2021 година,

- Законот за данокот на додадена вредност,
- Законот за даночна постапка,
- Закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено -економската криза предизвикана од вирусот kovid-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година,
- Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот covid-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година и
- Законот за измена и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, како дел од четвриот пакет на економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19.

Во собраниска процедура беа:

- Закон за изменување и дополнување на Царински закон,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интекелтуална сопственост,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжитено социјално осигурување,
- Закон за регистрирање на готовински плаќања,
- Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка,
- Предлог на Закон за изменување на Законот за стоковните резерви и
- Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.
- Измена на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура,
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2021 година,
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност,
- Во 2020 година донесени се низа подзаконски акти/правилници во надлежност на секторот за практична примена на законите од оваа област (околу 23 правилници).

Поради вонредната состојба со светската пандемија Ковид 19, донесени се и уредби со законска сила, и тоа:

- Уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка,
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка,
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка,
- Уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход,

- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход,
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состоја,
- Уредба со законска сила за примена на Законот за акцизите,
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите,
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите,
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите,
- Уредба со законска сила за применување на законот за комунални такси, донесена па укината од Уставен суд,
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за даночна постапка за време на вонредна состојба,
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за даночна постапка за време на вонредна состојба,
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за даночна постапка за време на вонредна состојба,
- Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба и
- Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба.

На 1-ви јануари 2020 година стапи на сила мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања која Република Северна Македонија ја потпиша во јуни 2018 година. Конвенцијата обезбедува сеопфатна мултилатерална рамка за размена на информации и помош при наплата на даноци,

На 29-ти јануари 2020 година, Република Северна Македонија ја потпиша Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување (MLI).

Во **Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика** кон крајот на 2020 година, Министерството за финансии ја достави до Владата Стратегијата за реформа во даночниот систем 2021-2025, со цел истата да биде усвоена. За Стратегијата, во текот на 2020 година беа одржани јавни настани и средби со засегнатите страни, чии забелешки беа разгледани за можност за имплементирање. Стратегијата ќе претставува 5 годишен план во развојот на даночната политика која треба да се одсликува со предвидливост, транспарентност, дигитализација на најголем дел од процесите и праведност во даночниот систем.

Во **Одделението за стратешко планирање** подготвени се следните документи:

- Предлог- Стратешки план на Министерство за финансии за 2021-2023,
- Извештај за остварените резултаи во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2019 година,

- Годишниот план за работа на Министерство за финансии за 2021 година,
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Министерство за финансии за 2019 година,
- Предлог иницијативи за стратешки приоритети и цели за Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на стратешките приоритети во 2021 година како и
- Предлог иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

### 1.9.3 ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

Во **Секторот за финансиски систем** донесени се повеќе измени на законски решенија во функција на натамошно зајакнување на финансискиот систем и системот на осигурување и тоа:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,
- Закон за изменување и дополнување на Закон за инвестициски фондови,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за банките,
- Одлука за -19-та емисија на обврзници за денационализација,
- Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал.

Изготвени и доставени до Собрание на усвојување и:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на обврзници за денационализација,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри,

Превземени се повеќе активности и изготвени се повеќе документи:

- информација за Деветтогодишно собрание на акционери на Европа Ре;
- мислења по доставени барања за мислења по однос на закони и Извештаи за работа и финансиски извештаи од други институции.
- организирани 7 обуки за банкарство и пазар на капитал во соработка со АТТФ-Агенцијата за трансфер на финансиска технологија од Луксембург.

Во 2020 година издадени се:

- -дозволи за основање и работа на финансиско друштво - 4 (четири);
- решение за согласност за член на орган на управување во финансиско друштво - 1 ( едно);
- решенија за согласност за промена на основната главнина на финансиско друштво - 5 (пет);

- решенија за согласност за промена во сопственичката структура на финансиско друштво - 2 (две);
- решение за одземање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво - 1 (едно);
- решенија за запирање на постапка по барања доставени од финансиски друштва- 3 (три);
- решение за согласност за промена во сопственичката структура на давател на финансиски лизинг -1 (едно);
- -лиценци за приредување игри на среќа -14 (четиринаесет);
- решенија за приредување игри на среќа и забавни игри- 620 (шестотини и дваесет );
- дозволи за приредување игри на среќа и забавни игри -250 (двеста и педесет);
- лиценца за вршење на работи на процена од областа на побарувања и обврски -1 (една);
- мислења за утврдување на постоење на економски интерес за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија -66 (шеесет и шест ).

### 1.9.4 ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ

Во **Управата за имотно правните односи** во текот на 2020 година континуирано се преземаа активности за решавање на предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и предметите за експропријација. Исто така, се управуваше и со електронски систем – Портал за проверка на статус на предмет за приватизација https://privatizacija.finance.gov.mk/, преку кој барателите имаат увид во текот на постапките по поднесените барања за приватизација, како и со системот за електронско јавно наддавање воспоставен согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Во 2020 годинасе донесе Уредбата за изменување на Уредбата за критериумите, начинот за давање и примање на даровите, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА (2021)

Одговорот на фискалната политика на пандемијата во земјата беше брз и значаен во поддршката на претпријатијата и вработените во најпогодените дејности и на ранливите категории на население. Во 2020 година беа усвоени 4 пакети со вкупно 70 мерки за справување со ефектите од коронавирусот, во вкупна вредност од над 1 милијарда евра. Државната помош преку различни мерки кои ќе ги поддржат домашната побарувачка и извозната активност продолжи и во 2021 година со цел побрзо опоравување на домашната економија и создавање основа за забрзан економски раст на долг рок, при што Владата ги усвои петтиот и шестиот пакет мерки.

Во 2021 година, и покрај нарушувањата предизвикани од пандемијата, домашната економија закрепна во согласност со очекуваната динамика. По падот од 1,8% во првиот квартал, економската активност се зголеми за 13,4% во вториот квартал, проследено со раст од 3% и 2,3% во третиот и четвртиот квартал соодветно, што доведе до просечен економски раст од 4% во 2021 година, како резултат на поволната епидемиолошка состојба, подобрената мобилност, владините мерки насочени кон поддршка на економијата, поволното меѓународно опкружување и помалото ограничување на потрошувачката. Економскиот раст во 2021 година е резултат на поволните движења во услужниот сектор, каде што активноста порасна за 5,2%. Растот во услужниот сектор е на широка основа, воден од трговската дејност, следен од информациско-комуникациската активност (раст од 3,2%). Градежната активност стагнираше, додека активноста во индустрискиот и земјоделскиот сектор е намалена за 1,3% и 1,2%, соодветно.

Анализирано по расходната страна на БДП, растот на економската активност во 2021 година е резултат на поволната домашна побарувачка во услови на закрепнување на приватната потрошувачка и инвестициите, додека нето-извозот имаше негативен придонес врз растот. Потрошувачката порасна за 4,9% на реална основа, поттикната од приватната потрошувачка со раст од 5%. Растот на потрошувачката е резултат на закрепнувањето на дознаките од странство, растот на платите, државната помош и кредитната поддршка. Јавната потрошувачка порасна за 4,1%. Бруто инвестициите се зголемија за 9,2% како резултат на значителниот пораст во вториот и четвртиот квартал. Извозот на стоки и услуги закрепна во текот на првата половина од годината, продолжувајќи со умерено темпо во втората половина, при што извозот се зголеми за 12,3% на реална основа. Увозот на стоки и услуги реално се зголеми за 13,9%, главно поттикнат од зголемениот увоз на интермедијарни стоки.

Согласно основното среднорочно сценарио, во периодот 2022-2026 година се предвидува просечен годишен раст од 5,4%, придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има негативен придонес, во услови на проектиран раст и на извозот и на увозот. макро

Исто така, Министерството за финансии во рамките на свите надлежности реализираше мерки и активности во функција на справување со пандемијата и ублажување на ефектите на здравствената криза врз економијата, со цел задржување на макроекономската стабилност.

***Министерството за финансии во овој период работеше на подготовката и донесувањето на следниве закони и подзаконски акти:***

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности и организационата поставеност на министерството, подготвени се повеќе закони и подзаконски акти во функција на реализација на поставените цели и надлежности на министерството.

### 1.10.1 АДМИНИСТРАЦИЈА

**Во Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата** со поддршка од експертите од ИПА твининг проектот извршена е анализа на националните правни акти и нивна усогласеност со Директива 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право. Согласно резултатите од извршената проценка подготвени се нацрт измени на Кривичниот законик. Извештајот од направената проценка како и нацрт измените на Кривичниот законик се доставени до Министерство за правда како надлежна институција од оваа област, со цел понатамошно процесирање.

Подготвени се Внатрешни процедури за работа на АФКОС одделението, во соработка со експертите од ИПА твининг проектот.

Извршена е евалуација на спроведувањето на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2019 – 2022, со Акцискиот план 2020-2021 година.

Одржан е он-лајн АФКОС семинар во организација ОЛАФ на 19-ти мај на тема проширување и подобрување на соработката и размената на информации со ОЛАФ, на кој учествуваа претставници на АФКОС одделението и службите за координација за борба против измама во рамки на другите земји корисници на ИПА средства.

Изработен е План за обука 2021-2022 врз основа на извршената анализа за потребата за обуки на телата на ИПА и соодветните национални органи кои учествуваат во заштитата од измама на фондовите на ЕУ и

Подготвено е Упатство за проценка на ризик од измама и алатки за неговото спроведување, во рамки на ИПА Твининг проектот.

Изготвен е Извештај за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2019-2022, со состојба 31.12.2020 година.

Во последниот квартал од 2021 година спроведена е активност за ревидирање на Националната стратегија за борба против измама и заштита на финансиските интереси на Европската Унија и изготвена е нова Стратегија со временска рамка 2022-2025, со Акциски план, кои во вториот квартал од 2022 година предвидено е да бидат усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Одржани се четири обуки, согласно Планот за обука 2021-2022 врз основа на извршената анализа за потребата за обуки на телата на ИПА и соодветните национални органи кои учествуваат во заштитата од измама на фондовите на ЕУ.

Со поддршка од експертите од ИПА Твининг проектот се спроведе проценка на потребите за обука на финансиските инспектори, се подготви Програма и план за обука на финансиските инспектори за периодот 2021-2023 година и во јуни 2021 година се одржа дводневна обука за финансиските инспектори на тема „Буџетско сметководство со примери за книжења“, се подготви текстот на новиот Предлог Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор и се започна со подготовката на методолошките алатки за приемена на аналитички и инспекциски техники и алатки за финансиска инспекција во јавниот сектор.

Исто така подготвен е Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2020 година, кој беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 30.03.2021 година, извршени се инспекциски постапки за надзор над спроведување на одредбите од Законот за финансиска дисциплина и отпочнати и извршени се дел од инспекциски постапки согласно Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

Подготвен е  Предлог-закон за Академија за јавни финансии. По насоки на Секретаријатот за законодавство нема да се предложи еден посебен закон, туку ќе се направи измена во дел од законите чиј предлагач е Министерството за финансии каде ќе се предвиди Министерството да организира и спроведува обуки и испити и обуки во рамки на програмите за издавање уверенија/лиценци за овластени службеници и професии од областа на јавните финансии за потребите на јавниот сектор.

Во **Секторот за јавна внатрешната финансиска контрола** реализирани се следните активности во 2021:

Во почетокот на јануари 2021 година Нацрт законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор е доставен до Собранието на Република Северна Македонија заради негово донесување во две фази, од кои првата е завршена.

Имплементацијата на мерките и активностите наведени во Програмата за реформа на УЈФ и Стратегијата за ЈВФК е поддржана и од ЕУ ИПА 2018 Твининг проектот “Зајакнување на функциите за планирање на буџетот, извршување и внатрешна контрола”, во рамките на Компонента 2: Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку ефективната имплементација на Политиката за ЈВФК. Заради состојбата со Ковид-19, активностите во рамките на Твининг проектот започнаа во јуни 2020 година, истите во 2021 година дел се спроведуваа со физичко присуство на експертите, а останатите преку on-line платформите за состаноци.

Во 2021 година, Централната единица за хармонизација, во соработка со експертите од твининиг проектот подготви:

- Нацрт верзија на прирачник за финансиско управување и контрола,
- Подготвено е нацрт поедноставено упатство за управување со ризици,
- Извештај со предлози за можни модели на национална програма за сертификација на внатрешни ревизори,
- Нацрт верзија на Правилник за спроведување обука и испит и програма за сертификација на внатрешните ревизори,
- Нацрт верзија на Правилник за формата и содржината на уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор,
- Анализа на потребите за обуки,
- Програма и План за обуки за МФ и буџетските корисници врз основа на Политиката за ЈВФК и новиот Закон за ЈВФК;
- Извештај за оцена на правните акти поврзани со ЈВФК со препораки за подобрување (финалната верзија на извештајот е подготвена врз основа на одржани состаноци на СЈВФК и експертите со надлежните кои ги подготвуваат законите кои се предмет на анализа во Извештајот).

Исто така, во рамки на твининиг проектот, во организација на СЈВФК, беа организирани следните работилници: „Воспоставување на каскаден модел на цели во стратешките и годишните планови“, ,,Презентација на нацрт верзија на прирачикот за финансиско управување и контрола“ и ,,Презентација на нацрт верзија на прирачикот за внатрешна ревизија“.

Со цел обезбедување континуирани обуки за јавни финансии (вклучувајќи ја и ЈВФК) во рамки на Твининг проектот започнаа активностите поврзани со основање на Академија за јавни финансии. Подготвени се амандани на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.

Во соработка со PEMPAL IACOP и Министерството за финансии - Централната единица за хармонизација, во октомври 2021 година, беше организиран заеднички настан ,,Споделување искуство и презентација на производи на знаење за имплементација на внатрешна ревизија во јавниот сектор и внатрешна контрола,,. На овој настан учествуваа повеќе од 70 внатрешни ревизори од јавниот сектор од нашата држава.

Годишниот извештај за функционирање на системот за јавна внатрешна финансиска контрола за 2020 година беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 17 август 2021 година.

Во **Секторот за внатрешна ревизија** изготвени се Годишни извештаи за работата на Секторот во Министерството за финансии за 2020 година, како и извештаи за работата на Секторот во Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија.

Изготвени се извештаи за извршените ревизии согласно Годишните планови за внатрешна ревизија за 2020 година на Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија.

Изготвени се Стратешки планови за извршување на внатрешна ревизија за период од 2022 до 2024 година и Годишни планови за внатрешна ревизија за 2022 година во Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството за финансии има склучено договори за вршење на внатрешна ревизија.

Во **Секторот за финансиски прашања** во 2021 година континуирано се преземаа активности за редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии и реализација на исплатите за проектите Купи куќа купи стан и Купи куќа за млади. Исто така изготвени се:

- Завршни сметки за 2020 година,
- Годишен финансиски извештај за 2020 година согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- Предлог буџетско барање на Министерството за финансии за 2022 година.

Во **Секторот за второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања** континуирано се врши наплата на побарувањата и е остварена продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки по изготвени проценки од страна на Бирото за судски вештачења и донесени Одлуки за продажба од страна на Владата на Република Северна Македонија, изготвени се завршни сметки, постапено е по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување на управни акти), постапено е по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување на управни акти), поднесени се опомени и известувања до должници, се врши следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците, се обезбедува комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата, се активираат инструментите за заддршка на средства за поврат на ДДВ и заддршка на донации до Сектор за трезор/се поднесуваат барања за поведување на судска постапка за наплата на побарувања.

### 1.10.2 МАКРОЕКОНОМСКА И ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА

Во **Секторот за буџет и фондови** изработена е:

- Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година;
- Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година;

- Измени и дополнувања на Законот за извршување на Буџетот за 2021 година;

- Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите;

- Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

- Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, (Предлог Законот е поднесен од група пратеници),

- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (во собраниска процедура)

- Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година,

- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година,

Во Секторот за буџет и фондови подготвени се повеќе документи во функција на реализација на зацртаните цели и активности и тоа:

- Фискална стратегија на Република Северна Македонија и Ревидирана Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2022-2024 година (со изгледи до 2026 година),
- Буџетски циркулар за 2022 година со кој се даваат насоките за изработка на Буџетот за наредната година,
- Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година,

- Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година,

- Правилник за дополнување на Правилникот за класификација на расходите.

Во **Секторот за трезор**, во 2021 година донесено е:

- -Упатство за начинот на евидентирање, распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи,
- обезбедување на online внес на барања за плаќања и обврски од буџетските корисници.
- извршување на буџетот на РСМ и на буџетите на општините.

**Сектор за макроекономска политика:**

Програмата на економски реформи 2021-2023 е усвоена од страна на Владата на 26 јануари 2021 година, и доставена до ЕК на 29 јануари 2021 година, што е во рамки на предвидениот рок (31 јануари 2021 година).

Согласно Хоризонталниот преглед на Програмите за економски реформи 2021 – 2023 година на државите од Западен Балкан и Турција[2], по претходно одржани оценски мисии од страна на ЕК и ЕЦБ, Република Северна Македонија има постигнато најголем успех во спроведување на препораките од минатогодишниот Економско-финансиски дијалог[3] (одржан на 19 мај 2020 година), што укажува на значително подобрување во имплементирањето на заеднички усвоените препораки, главно како резултат на краткорочниот карактер на многу од препорачаните мерки, насочени кон справување со кризата.

Состанокот на министерско ниво во рамки на Економско-финансискиот дијалог за 2021 година се одржа на 12 јули 2021 година, на кој се усвоија заедничките заклучоци за земјите од Западен Балкан и Турција врз основа на оценката на ПЕР 2021-2023. Нацрт-заедничките заклучоци претходно се усогласени во рамки на работните тела на Советот на ЕУ.

Во јули 2021 година, до Владата беше доставена и Владата ја усвои Информацијата за Економско – финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и Програмата на економски реформи 2022-2024 година, и истата ги содржеше препораките од Заедничките заклучоци од Економско - финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција усвоени на 12 јули 2021 година.

Во август Владата ја усвои Информацијата за ПЕР 2022-2024 година, која ги содржеше новитетите во Водичот на ЕК за подготовка на ПЕР 2022-2024 година, клучните предизвици кои земјата треба да ги надмине во идниот период, како и Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 12 јули 2021 и Работен план со временска динамика за подготовка на ПЕР 2022-2024 година.

На 21 јули и 17 септември одржани беа состаноци помеѓу министерот за финансии и министрите и директорите на надлежните институции за начинот на спроведување на Заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 12 јули 2021 година и предлозите за структурни реформски мерки за ПЕР 2022-2024.

Предлог реформските мерки за ПЕР 2022-2024 година, доставени од институциите, беа тема на дискусија со претставниците од ЕК за време на нивната советодавна мисија на 16 и 23 ноември 2021 година.Предлог реформските мерки беа објавени на веб страната на МФ и известени и поканети заинтересираните страни за нивни коментари и забелешки, а беа доставени на разгледување и до ЕСС. Истовремено, институциите доставија известување за степенот на реализација на заедничките заклучоци од 12 јули 2021 година.
Програмата на економски реформи 2022-2024 година треба да се достави до ЕК најдоцна до 31 јануари 2022 година, по нејзино усвојување од страна на владата.

Објавен е јавен повик за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година, со што продолжи реализацијата на проектот „Купи куќа, купи стан“.

Во декември 2021 година Министерството за финансии изготви и достави до Владата на Република Северна Македонија Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со предлог за затворање на проектот во 2022 година.

Во **Секторот за меѓународните финансиски односи и управувањето со јавниот долг** во 2021 година донесени се:

---

